Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр.5/02), Советот на општина Радовиш на седница одржана на ден 15.10.2002 год. донесе

# С Т А Т У Т
## на општина Радовиш

## **I.** ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Општина Радовиш (во понатамошниот текст општината), е единица на локалната самоуправа во која граѓаните го остваруваат правото на локалната самоуправа.

Правото на локалната самоуправа се остварува преку претставници во органите на општината и со непосредно учество во одлучувањето.

Член 2

Граѓаните на Република Македонија кои имаат постојано место на живеење на подрачјето на општината, се жители на општина Радовиш.

Подрачјето на општината е утврдено со закон и ги опфаќа подрачјето на, градот Радовиш и населените места: Али Коч, Бучим, Воиславци, Дамјан, Ињево, Калузлија, Козбунар, Коџалија, Ораовица, Погулево, Прналија, Раклиш, Сулдурци, Супурѓе, Тополница, Шипковица, Штурово, Калуѓерица, Алилобаси, Држанци, Дурутлија, Каралобаси, Караџалар, Ќоселија, Саригол, Худаверлија, Чешме Маале, Ново Село, Шаинташ и Папавница.

Член 3

Општината е правно лице.

Член 4

Седиштето на општината е во Радовиш, бул."Александар Македонски", бб.

Член 5

Општината има право на сопственост.

Член 6

Општината има грб.

Грбот е составен од три дела: круна, штит и бандерола, во кои доминираат темно-зелената, златно-жолтата, црната и сината боја. Оваа комбинација на бои го симболизира поднебјето со богатството на природните ресурси и плодноста на земјата, воедно природно богатство со присуството на бакарот и златото.

Во дијагонала од горниот десен агол кон долниот лев дел се протега светло-сина лента, а во средината на штитот доминираат два тутунови листа во жолто-златна боја порабени со црна линија. Во горниот лев агол во жолто-златна боја е сместен симболот на рударството: вкрстени чекан и длето.

Круната ја изразува историската традиција на Радовиш, односно, легендата за кралицата (кнегината Рада од словенско-македонско потекло), која живеела во стариот средновековен град чии урнатини се´ уште се наоѓаат во горниот тек на Стара река, а којшто името го добил по името на оваа кнегина.

На долниот дел од грбот, под штитот се наоѓа бандерола (лента), во темно - зелена боја со жолто-златни рабови на која, со стилизирани букви, е испишано името Радовиш, а е одвоено со точка и продолжува со годината 1019, односно годината од кога датира првиот историски запис за постоењето на Радовиш.

Член 7

Општината има знаме.

Знамето на општина Радовиш е во темно-зелена боја, исто како основата на грбот порабен со жолта-златна лента, а на средината од знамето е сместен грбот на општината, без бандерола. Од двете страни на грбот стои испишано: од левата страна “општина“, а од десната страна “Радовиш“.

Член 8

Општината има печат со тркалезна форма со пречник од 4 (четири) сантиметри, во чија средина се наоѓа грбот на општината и на чии рабови е испишано: "Република Македонија - Општина Радовиш".

Печатот што го употребува Советот на општината, во вториот ред има натпис: "Совет на општина".

Печатот што го употребува градоначалникот, во вториот ред има натпис: "Градоначалник".

Член 9

Празник на општината е Шести ноември (1944г.) - ден на ослободувањето на Радовиш од фашистичките окупатори.

Член 10

Во општината се востановуваат општински признанија и награди.

Член 11

Општината може, со одлука донесена од страна на Советот на општината, да се здружува во здруженија во согласност со закон.

Член 12

Општината соработува со другите општини во Републиката, со единици на локални самоуправи на други земји, како и со меѓународни организации на локалните заедници, а може да членува во меѓународни организации на локалните власти.

Општината, заради остварување на заеднички интереси и вршење на заеднички работи од нивна надлежност, може со други општини во Републиката да здружува средства и да формира заеднички јавни служби, во согласност со закон.

Член 13

Органите на општината, како и телата на Советот и јавните служби се должни да ги информираат граѓаните за својата работа и плановите за развој, како и да им овозможат пристап до информациите на начин уреден со овој Статут.

## НАДЛЕЖНОСТ НА ОПШТИНАТА

Член 14

Општината, самостојно во рамките на законот и овој Статут ги уредува и врши работите од јавен интерес од локално значење утврдени со законот за локална самоуправа, или друг закон, како и работите кои не се исклучени од нејзина надлежност, или не се во надлежност на органите на државната власт.

Член 15

Општината е надлежна за вршење на следните работи:

1. Урбанистичко (урбано и рурално) планирање, издавање на одобренија за градење на објекти од локално значење утврдени со закон, уредување на просторот и уредување на градежното земјиште;
2. Заштита на животната средина и природата, во смисла на преземање на мерки за заштита и спречување од загадување на водата, воздухот, земјиштето, заштита на природата, заштита на бучава и нејонизирачко зрачење;
3. Локален економски развој во смисла на планирање на локалниот економски развој, утврдување на развојните и структурните приоритети; водењето на локалната економска политика; давањето поддршка на развојот на малите и средните претпријатија и на претприемништвото на локално ниво и во тој контекст, учествува во воспоставувањето и развојот на локалната мрежа на институциите и агенциите и во промовирањето на партнерството;
4. Комунални дејности во смисла на снабдувањето со вода за пиење; испораката на технолошката вода; одведувањето и пречистувањето на отпадните води; одведувањето и третманот на атмосферските води; јавното осветлување; одржувањето на јавната чистота; собирањето, транспортирањето и постапувањето со комуналниот цврст и технолошки отпад; уредувањето и организирањето на јавниот локален превоз на патници; снабдувањето со природен гас и топлинска енергија; одржувањето на гробовите, гробиштата, крематориумите и давањето на погребни услуги; одржувањето, реконструкцијата и заштитата на локалните патишта, улици и други инфраструктурни објекти; регулирањето на режимот на сообраќајот; изградбата и одржувањето на уличната сообраќајна сигнализација; изградбата и одржувањето на јавниот простор за паркирање; отстранувањето на непрописно паркираните возила; отстранување на хаварисаните возила од јавните површини; изградбата и одржувањето на пазарите; чистењето на оџаците; одржувањето и користењето на парковите, зеленилото, парк-шумите и рекреативните површини; регулацијата, одржувањето и користењето на речните корита во урбанизираните делови; определување на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти.
5. Култура, во смисла на институционална и финансиска подршка на културните установи и проекти; негувањето на фолклорот, обичаите, старите занаети и слични културни вредности, организирањето културни манифестации; поттикнувањето на разновидни специфични форми на творештво;
6. Спорт и рекреација, во смисла на развојот на масовниот спорт и рекреативните активности со организирање на спортски приредби и манифестации, одржување и изградба на објекти за спорт и поддршка на спортските сојузи;
7. Социјална заштита и заштита на деца, во смисла на финансирање, инвестиции, одржување и сопственост на детски градинки и домови за стари, остварување на социјална грижа за инвалидни лица, деца без родители и родителска грижа со воспитно-социјални

проблеми, со посебни потреби, од еднородителски семејства, како и деца од улици, лица изложени на социјален ризик засегнати со злоупотреба на дрога и алкохол, подигање на свеста на населението, домување на лица со социјален ризик, остварување на право и воспитување на деца од предучилишна возраст;

8. Образование, во смисла на основање, финансирање и администрирање на основни и средни училишта во соработка со централната власт, во согласност со закон, како и организирање на превоз и исхрана на ученици и нивно сместување во ученички домови;

9. Здравствена заштита, во смисла на управување со мрежата на јавни здравствени организации и објекти од примарната здравствена заштита кои треба да вклучат застапеност на локалната самоуправа во сите одбори на сите здравствени организации во јавна сопственост, здравственото воспитување, унапредување на здравјето, превентивни активности и други области кои ќе бидат утврдени со закон;

10. Спроведување на подготовките и преземање на мерки за заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра од воени разурнувања, природни непогоди и други несреќи и од последиците предизвикани од нив;

11. Противпожарна заштита вршена од територијалната противпожарна единица;

12. Надзор над вршењето на работите од надлежност на општината, и

13. Други работи определени со закон.

Член 16

Работите од членот 15 на овој Статут, се уредуваат со прописи на Советот на општината во согласност со постапките и стандардите утврдени со закон. Работите од членот 15 на овој Статут, кои задолжително ќе ги извршува општината, ќе бидат определени со посебните закони и национални програми.

Член 17

Работите кои не се исклучени од надлежност на општината, или не се во надлежност на органите на државната власт се определуваат со одлука на Советот на општината.

Со одлуката од став 1 на овој член се уредува начинот и постапката за вршење на тие работи.

## ОРГАНИЗАЦИЈА И РАБОТА НА ОРГАНИТЕ НА ОПШТИНАТА

### 1. Совет на Општина

Член 18

Советот на Општината е претставнички орган на граѓаните.

Советот на Општината го сочинуваат 19 претставници на граѓаните избрани на општи, непосредни и слободни избори со тајно гласање.

Мандатот на членовите на Советот трае 4 (четири) години.

Членот на Советот не може да биде отповикан.

Член 19

Советот на Општината избира претседател од редот на членовите на Советот, со мандат од четири години.

Претседателот на Советот ги свикува и раководи со седниците на Советот на Општината, се грижи за организацијата и работата на Советот и ги потпишува прописите што ги донел Советот и во рок од 3 (три) дена од денот на нивното донесување ги доставува на градоначалникот заради објавување.

Член 20

Членовите на Советот даваат и потпишуваат свечена изјава која гласи:

"Јас (име и презиме) свечено изјавувам дека правата и должностите на член на Советот ќе ги вршам совесно и дека при нивното вршење ќе ги почитувам Уставот, законите и прописите на Советот и дека ќе го штитам уставниот поредок на Република Македонија."

Член 21

Советот на Општината ги врши следните работи:

1. Донесува Статут на Општината;
2. Донесува Деловник на Советот;
3. Донесува Програма за работа;
4. Донесува Буџет на Општината и Годишна сметка на Општината;
5. Ја утврдува висината на стапките на даноците и висината на надоместоците и таксите;
6. Донесува Генерален урбанистички план;
7. Донесува детални урбанистички планови и урбанистичка документација на населено место во Општината;
8. Донесува Програма за уредување на

градежно земјиште;
9. Донесува Програма за одржување на сообраќајната сигнализација;
10. Донесува Одлука за регулирање на режимот на сообраќајот;
11. Донесува прописи од обласа на заштитата на животната средина и природата, локалниот економски развој, културата, спортот и рекреацијата, социјалната заштита и заштита на децата, образованието, здравствената заштита, противпожарната заштита, во рамките на надлежноста определена со посебен Закон или во согласност со национална програма;
12. Донесува програма за изградба и одржување на локални патишта и улици;
13. Донесува Програма за јавно осветлување;
14. Донесува Програма за изградба, реконструкција и одржување на локални водоводи;
15. Донесува Програма за одржување на јавна чистота;
16. Донесува Програма за одржување и користење на парковите и други јавни површини од локално значење;
17. Донесува програма за одржување на гробиштата;
18. Донесува програма за одржување и користење на реките во урбанизирани подрачја;
19. Донесува Одлука за јавна чистота;
20. Донесува Одлука за начинот на превоз во градскиот и приградскиот сообраќај;
21. Донесува Одлука за одржување и користење на јавните пазаришта;
22. Донесува Одлука за начинот на користење и одржување на гробиштата;
23. Го уредува начинот на чистењето на оџаците;
24. Го уредува одржувањето на јавниот простор за паркирање и начинот на неговото користење;
25. Определува имиња на улици, проштади, мостови и други инфраструктурни објекти од локално значење;
26. Ја утврдува организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинска администрација, на предлог на градоначалникот;
27. Основа јавни служби и врши надзор над нивната работа;
28. Именува членови во управните одбори на јавните служби, кои ги основал;
29. Усвојува програми за работа и финансиски планови за финансирање на јавните служби кои ги основал;
30. Одлучува за давање дозвола за вршење дејност од јавен интерес од локално значење, во согласност со Закон;
31. Ги усвојува извештаите за работа и годишните сметки на јавните служби, кои ги основал;
32. Одлучува за начинот на располагање со сопственоста на Општината;
33. Одлучува за начинот на вршење на финансиска контрола на Буџетот на општината, во согласност со закон;
34. Го избира лицето кое раководи со подрачната единица на Министерството за внатрешни работи во Општината, во согласност со закон;
35. Го разгледува и усвојува годишниот извештај на јавната безбедност на подрачјето на Општината, и го доставува до министерот за внатрешни работи и народниот правобранител;
36. Може да дава препораки на раководното лице на подрачната единица на Министерството за внатрешни работи од областа на јавната безбедност и безбедноста во сообраќајот;
37. Избира и разрешува претседател на Советот;
38. Формира постојани и повремени комисии;
39. Врши одделни овластувања во согласност со закон врз добрата од општа употреба и врз природните богатства на подрачјето на Општината;
40. Востановува општински награди и признанија;
41. Дава мислење по предлог законите кои се однесуваат на Општината;
42. Врши избори и именувања од своја надлежност;
43. Донесува други одлуки за работите од своја надлежност;
44. Врши и други работи.

Член 22

Советот на Општината одлучува со мнозинство гласови од присутните членови на Советот, ако со Статутот не е предвидено посебно мнозинство.

Гласањето на седниците на Советот е јавно, освен ако Советот не одлучи за одделни прашања гласањето да е тајно.

Член 23

Секретарот на Советот на општина Радовиш и Главниот архитект на градот, продолжуваат да ги вршат работите до завршувањето на мандатот за кој се избрани, именувани.

Член 24

Вонредна седница се свикува за прашања од значење за безбедноста и сигурноста на граѓаните, за прашања кои настанале поради вонредни околности (пожар, поплави, земјотреси и сл.) и при посета на делегации од други земја кога истите сакаат да се обратат на членовите на Советот.

Член 25

Вонредната седница ја свикува претседателот на Советот по сопствена иницијатива, а на предлог на најмалку 1/3 од членовите на Советот, или на предлог на градоначалникот.

Поканата за седница со предложениот Дневен ред се доставува до членовите на Советот на најбрз можен начин.

Пред отпочнување со работа членовите на Советот гласаат за оправданоста на причините за свикување на седницата без материјална расправа.

Член 26

За претресување на прашања од своја надлежност Советот формира комисии.

Комисиите на Советот се формираат како постојани и повремени.

Мандатот на постојаните комисии трае колку и мандатот на членовите на Советот.

Член 27

-Постојани комисии на Советот се:

-Комисија за мандатни прашања, избори и именувања;

-Комисија за Статут и прописи;

-Комисија за финансирање, Буџет и локален економски развој;

-Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина;

-Комисија за култура, образование и спорт;

-Комисија за здравство и социјална заштита;

-Комисија за јавна безбедност, безбедност во сообраќајот и противпожарна заштита;

-Комисија за награди и признанија;

-Комисија за месна самоуправа и граѓански иницијативи и

-Комисија за земјоделие.

Член 28

Комисиите се составени од по 5 членови на Советот.

Член 29

Комисиите на Советот на Општината:

- расправаат за прашања од областа за која се формирани;

- даваат мислења и предлози до Советот;

- ги разгледуваат предлозите на Градоначалникот, членовите на Советот, како и иницијативите на граѓаните од областите за кои се формирани.

Член 30

Комисијата за мандатни прашања, избори именувања разгледува и подготвува предлози кои се однесуваат на мандатно-имунитетните прашања:

- Разгледува и подготвува предлози за избор и именување и разрешување од надлежност на Советот на Општината;
- Определува плати, надоместоци и други примања на избрани и именувани лица;
- Дава предлог за висината на надоместоткот на патните и дневните трошоци на членовите на Советот на Општината, како и на трошоци направени во извршувањето на задачите што им ги доверил Советот на Општината.

Претседателот и членовите на Комисијата ги избира Советот на Општината на својата прва седница.

Член 31

Комисијата за Статут и прописи го утврдува предлогот на Статутот на општината, ги разгледува иницијативите и предлозите за измена на Статутот, ја следи неговата примена и ги разгледува начелните прашања од статутарен карактер.

Го утврдува предлогот на Деловникот на Советот.

Подготвува предлог мислења по предлог-законите кои се однесуваат на општината.

Разгледува и други општи акти од надлежност на Советот на Општината.

Член 32

Комисијата за финансирање, Буџет и локален економски развој ги разгледува прашањата во врска со финансирањето на Општината, Буџетот и годишната сметка, како и прашањата од планирањето и програмирањето на локалниот економски развој.

Член 33

Комисијата за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата ги разгледува прашањата од урбанистичкото планирање, прашањата од работата на јавните служби, прашањата од комуналното уредување на градот и

населените места и прашањата од заштита на животната средина и природата.

Член 34

Комисијата за култура, образование и спорт ги разгледува прашањата од надлежност на општината, а кои се однесуваат на културата, образованието, спортот и рекреацијата.

Член 35

Комисијатаа за здравство и социјална заштита ги разгледува прашањата од надлежност на општината, а кои се однесуваaат на здравството, социјалната заштита и заштитата на децата.

Член 36

Комисијата за јавна безбедност и безбедноста во сообраќајот и противпожарната заштита, ги разгледува прашањата од надлежност на општината, а кои се однесуваат на јавната безбедност, безбедноста во сообраќајот и противпожарната заштита.

Член 37

Комисијата за награди и признанија утврдува предлог за доделување на општински награди и признанија.

Член 38

Комисија за месна самоуправа и граѓански иницијативи го разгледува функционирањето на облиците на месна самоуправа и нивните органи, програмите за работа и други прашања врзани со работата на облиците на месната самоуправа, како и поднесените иницијативи од граѓани, до Советот на општина Радовиш.

Член 39

Комисијата за земјоделие ги разгледува прашањата од областа на земјоделието.

Член 40

Претседателот и членовите на комисиите ги избира Советот на општината на предлог на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања.

Предлогот за избор содржи толку кандидати колку што се избираат членови на работните тела.

Политичките партии кои партиципираат во Советот на општината ќе бидат пропорционално застапени во вкупниот број на членови на сите комисии.

Член 41

Начинот на работа на комисиите поблизу се утврдува со Деловникот на Советот на општината.

## 2. Градоначалник на Општината

Член 42

Градоначалникот ја претставува и застапува општината.

Градоначалникот се избира на општи, непосредни и слободни избори со тајно гласање во согласност со закон за период од 4 (четири) години.

Градоначалникот својата функција ја извршува професионално.

Член 43

Градоначалникот во рамките на своите надлежности:

1. Иницира и предлага донесување на прописи од надлежност на Советот на општината;
2. Го обезбедува извршувањето на работите кои му се делегирани од органот на државната управа;
3. Го предлага годишниот буџет и годишната сметка на Буџетот на општината;
4. Го извршува Буџетот на општината;
5. Избира директори на јавните служби кои ги основала општината, врз основа на јавен конкурс;
6. Редовно го известува Советот за извршувањето на своите надлежности во согласност со статутот;
7. Решава во управни работи за права, обврски и интереси на правни и физички лица, во согласност со закон;
8. Раководи со општинската администрација;
9. Донесува правилник за систематизација на работните места на општинската администрација;
10. Одлучува за вработувањето, правата, должностите и одговорностите на вработените во општинската администрација, доколку поинаку не е определено со закон;
11. Обезбедува правилно и зконито користење, одржување и заштита на сопственоста на општината, во согласност со закон и статутот и
12. Врши и други работи утврдени со закон и со овој Статут.

Градоначалникот има право да присуствува и учествува во работата на седниците на Советот.

Член 44

Градоначалникот ги објавува прописите на Советот во "Службен гласник на општината Радовиш".

Градоначалникот го обезбедува извршувањето на одлуките на Советот.

Член 45

Градоначалникот е должен во рок од 7 (седум) дена од денот на доставувањето на прописот на Советот со решение да го запре неговото објавување доколку смета дека е во несогласност со Уставот и законите.

Примерок од образложеното решение за необјавување се доставува до претседателот на Советот на општината.

Советот е должен, во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на објавувањето на решението да го разгледа и да одлучи по него.

Ако Советот го потврди прописот, или не расправа во рокот од ставот 3 на овој член, градоначалникот е должен да го објави прописот и истовремено да поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставност и законитост на оспорениот пропис пред Уставниот суд на Република Македонија.

За иницијативата, градоначалникот е должен да го информира Министерството надлежно за вршење на работите што се однесуваат на локалната самоуправа.

Член 46

Градоначалникот е должен да поднесе извештај за извршување на одлуките донесени од страна на Советот на секои 3 (три) месеци во текот на годината.

За извршување на своите надлежности, по потреба градоначалникот го информира Советот, а најмалку 2 (два) пати во годината.

Член 47

Градоначалникот управува со сопственоста на општината како добар домаќин.

Во управувањето со сопственоста на општината, градоначалникот е должен да превзема мерки и да го обезбедува користењето на сопственоста во согласност со закон.

Член 48

За време на спреченост, или отсуство до шест месеци, градоначалникот го заменува член на Советот на општината кој го назначува градоначалникот.

Во рок од 30 (триесет) дена од денот на преземањето на функцијата градоначалникот е должен со решение да го определи членот на Советот кој би го заменувал.

Решението од став 2 на овој член се објавува во "Службен гласник на општината Радовиш".

За денот на настапувањето на спреченоста, или отсуството градоначалникот го информира претседателот на Советот.

На членот на Советот му мирува функцијата член на Совет за времето кога го заменува градоначалникот.

**Совет за заштита на потрошувачите**

Член 49

Советот на општината за разгледување на прашања и утврдување предлози кои се однесуваат на квалитетот на услугите на јавните служби основани од него, може да формира Совет за заштита на потрошувачите.

Член 50

Советот за заштита на потрошувачите е составен од 7 (седум) члена, од кои 3 (три) члена се избираат од редот на правните лица и 4 (четири) члена од редот на физичките лица како корисници на услугите што ги даваат јавните служби.

Членовите на Советот за заштита на потрошувачите се избираат на предлог на Комисијата за мандатни прашања, избори и именување.

Мандатот на членовите трае 2 (две) години со можност повторно да бидат избрани.

Член 51

Советот за заштита на потрошувачите ја следи состојбата на квалитетот на услугите што ги даваат јавните служби, дава мислења и предлози за подобрување на квалитетот на услугите; организира јавни трибини; соработува со јавните служби и општинската администрација.

## АКТИ НА ОРГАНИТЕ НА ОПШТИНАТА

### а) Општи акти

Член 52

Статутот е основен акт на општината со кој се утврдуваат основите прашања во врска со надлежностите и организацијата на Општината и други прашања од значење за општината.

Статутот на општината се донесува во две фази и тоа како Нацрт-Статут и Предлог-Статут.

Статутот на општината го донесува Советот со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот на општината.

Член 53
Советот на општината донесува Деловник на Советот, одлуки, планови и програми, решенија, заклучоци и други акти и дава мислење и утврдува насоки.

Член 54
Со Деловникот на Советот се уредува начинот на работа на Советот и неговите комисии, постапките за одлучување и односите со другите органи.

Деловникот на Советот на општината се донесува со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на Советот на општината.

Член 55
Со одлука на Советот се уредуваат работите од локално значење од надлежност на општината.

Со одлука на Советот на општината, се основа општинска администрација и се уредува начинот на нејзиното работење и се основаат јавни служби.

Со одлука, Советот уредува и други прашања од своја надлежност.

Член 56
Советот донесува заклучоци кога разгледува пооделни извештаи, информации и анализи.

Советот дава мислење и утврдува насоки за извршување на прописите и другите акти што ги донесува Советот на општината.

Член 57
Постапката за донесување на општи акти се уредува со Деловникот на Советот на општината.

Општите и други акти се објавуваат во "Службен гласник на општината Радовиш".

Општите акти стапуваат во сила 8 (осмиот ) ден од денот на објавувањето, а по исклучок што го утврдува Советот на општината со денот на објавувањето.

**б) Поединечни акти**

Член 58
Советот и градоначалникот во рамките на својата надлежност донесуваат поединечни акти.

Советот донесува решенија за избор и именување.

Градоначалникот на општината донесува решение.

Член 59
Градоначалникот на општината е должен во рок од 7 (седум) дена од денот на доставувањето на актите да ги објави во "Службен гласник на општина Радовиш".

Член 60
За објавените акти се води посебна збирка.

Збирката може да ја користат граѓаните и истата ќе биде во секое време на увид.

## ОБЛИЦИ НА НЕПОСРЕДНО УЧЕСТВО НА ГРАЃАНИТЕ ВО ОДЛУЧУВАЊЕТО ВО ОПШТИНАТА

**а) Граѓанска иницијатива**

Член 61
Граѓаните имаат право да му предложат на Советот на општината да донесе одреден акт, или да реши одредено прашање од својата надлежност.

Советот е должен најдоцна во рок од 90 дена по доставување на иницијативата да расправа по истата, ако неа ја поддржале најмалку 10% од избирачите во општината, односно на месната самоуправа на која се однесува определеното прашање.

Подршката од став 2 од овој член се обезбедува со потписи на граѓаните.

За одлуката по поднесената иницијатива Советот ги информира граѓаните.

Граѓанска иницијатива не може да се поднесе за кадровски и финансиски прашања.

**б) Собир на граѓани**

Член 62
Собир на граѓани свикува градоначалникот по своја иницијатива на барање на Советот, или на барање од најмалку 10% од избирачите на општината, или на месната самоуправа на која се однесува определеното прашање. Граѓанска иницијатива не може да се поднесе за кадровски и финансиски прашања.

Собир на граѓани може да се свика за подрачјето на целата општина, или за подрачјето на месната самоуправа.

Градоначалникот е должен во рок од 30 дена да свика Собир на граѓани на барање од најмалку 10% од избирачите во општината,

или месната самоуправа за која се однесува определеното прашање.

Барањето за свикување Собир на граѓани со потписи на заинтересираните граѓани се поднесува до градоначалникот.

Актот за свикување на собирот на граѓани се објавува во локалните средства за информирање и се истакнува на јавни места, на вообичаен начин.

Од денот на објавувањето, односно истакнувањето на актот за свикување на Собирот на граѓани до денот на неговото одржување мора да изминат најмалку 5 дена.

Член 63

На Собирот на граѓани во одлучувањето учествуваат граѓаните кои имаат избирачко право.

Собирот на граѓани го води градоначалникот, или лице што ќе го овласти градоначалникот.

За прашањата за кои се расправа на Собирот на граѓани известува градоначалникот, а по потреба и други овластени претставници на органите на општината.

Член 64

Заклучоците донесени на собирот на граѓани, органите на општината се должни во рок од 90 дена да ги разгледаат и да ги земат предвид при одлучувањето и донесувањето мерки по прашањата на кои се однесуваат, како и да ги информираат граѓаните за своите одлуки.

**в) Референдум**

Член 65

Референдум може да распише Советот на општината по своја иницијатива за прашања од негова надлежност.

Советот е должен да распише Референдум на барање од најмалку 20% од избирачите на општината.

Барањето за распишување на Референдум се доставува до Советот на општината со потписи на заинтересираните избирачи дадени пред надлежниот орган кој води евиденција за избирачкото право на граѓаните на општината.

Член 66

По барањето за распишување Референдум, Советот на општината во рок од 60 дена од денот на поднесувањето донесува Одлука за распишување Референдум.

Одлуката за распишување Референдум содржи предмет на Референдумот и денот на неговото одржување.

Член 67

Одлуката за распишување Референдум се објавува во "Службен гласник на општината" и други средства за објавување во општината.

Од денот на објавувањето на Одлуката за распишување на Референдумот до денот на одржувањето на референдумот не може да поминат помалку од 15 дена, ниту повеќе од 60 дена.

Член 68

Право на гласање на Референдумот имаат граѓаните кои имаат избирачко право.

Референдумот го спроведува Комисија за спроведување на Референдумот.

Претседателот и членовите на Комисијата ги именува Советот на општината.

Член 69

Комисијата за спроведување на Референдумот:
- го определува времето на гласање;
- врши технички подготовки за спроведување на Референдумот;
- ги определува гласачките места;
- ги утврдува резултатите од гласањето и
- се грижи за законито спроведување на Референдумот.

Член 70

За спроведување на Референдумот, Комисијата за гласачките места формира одбори за спроведување на Референдумот.

Одборите ја спроведуваат правилноста и тајноста на Референдумот.

Член 71

Времето на гласањето мора да се определи така што да им овозможи учество на Референдумот на сите граѓани што имаат право на глас.

На гласачкото место на кое гласале сите граѓани запишани во избирачкиот список, гласањето може да заврши и пред истекот на времето определено за гласање.

Член 72

Прашањето, односно актот што е предмет на Референдумот мора да биде на соодветен начин изложено на гласачкото место.

Членовите на одборот се должни на граѓанинот што пристапил на гласање, по негово барање, да му дадат објаснување за

предметот на Референдумот и за начинот на гласање.

Член 73

На Референдумот секој граѓанин има право само на еден глас.

Граѓанинот може да гласа само лично.

Член 74

На Референдумот се гласа со гласачко ливче.

Содржината на гласачкото ливче ја пропишува Комисијата за спроведување на Референдумот.

Прашањето на гласачкото ливче мора да биде формулирано прецизно и недвосмислено, така што граѓанинот на референдумот да може да одговори со "ЗА", или "ПРОТИВ" предлогот.

Член 75

Граѓанинот на Референдумот се изјаснува така што на гласачкото ливче го заокружува зборот "ЗА", или "ПРОТИВ".

Кога на Референдумот се поставени повеќе алтернативи, граѓанинот се изјаснува така што го заокружуваат зборот "ЗА", или "ПРОТИВ" од алтернативата за која гласа.

Член 76

По завршување на гласањето Одборот го утврдува резултатот од гласањето на гласачкото место и за тоа составува записник.

Формата и содржината на записникот ги пропишува Комисијата за спроведување на Референдумот.

Веднаш по составување на записникот, Одборот доставува извештај до Комисијата за спроведување на Референдумот.

Член 77

Комисијата за спроведување на Референдумот врз основа на примениот гласачки материјал од сите гласачки места го утврдува резултатот од Референдумот.

Одлуката на Референдумот се доставува со мнозинство гласови од избирачите кои гласале, доколку гласале повеќе од половината од вкупниот број избирачи.

Одлуката донесена на Референдумот е задолжителна за Советот.

Комисијата за спроведување на Референдумот поднесува Извештај за спроведениниот референдум до Советот на општината.

Член 78

Прашањето, односно актот што граѓаните не го прифатиле на референдумот не може повторно да се изнесува на Референдум пред истекот на 6 (шест) месеци од денот на одржувањето на Референдумот.

**г) Претставки и предлози**

Член 79

За работата на органите на општината и општинската администрација, граѓаните имаат право, поединечно или заеднички со другите да доставуваат претставки и предлози.

Член 80

Претставките и предлозите се поднесуваат во писмена форма, или усно на записник, поединечно или групно, до градоначалникот.

За претставките и предлозите не се плаќа такса.

Член 81

Подносителот не смее да трпи штетни последици поради поднесување на претставка, ниту поради тоа може да биде повикан на одговорност.

Член 82

Постапувањето по претставките и предлозите опфаќа прибирање на податоци, извесувања и мислења за околностите што се од значење за правилно оценување на претставката, како и преземање на потребни мерки за отстранување на повредата на правото на подносителот, или повреда на јавните интереси.

Член 83

Градоначалникот на општината е должен најдоцна во рок од 60 дена од денот на приемот на претставката, односно предлогот на подносителот да му достави образложен одговор.

Ако претставката, или предлогот не се однесуваат на работата од надлежност на органите на општината, градоначалникот ги доставува до соодветниот надлежен орган и за тоа го известува подносителот.

**д) Јавни трибини, анкети и предлози**

Член 84

Органите на општината, при донесувањето на прописи од својата надлежност, претходно можат да организираат јавна трибина, да спроведат анкети, или да побараат предлози од граѓаните.

Јавна трибина се организира кога се донесуваат прописи за прашања од локалниот економски развој, комунални потреби (водоснабдување, одржување на јавна чистота, одржување на локални патишта и улици) и други прашања од пошироко локално значење.

Анкета се спроведува за донесување на урбанистички планови и други прашања од локално значење.

Прибирањето предлози од граѓаните за решавање на прашања од локално значење ќе се врши преку објавување на соопштение со кое ќе се повикаат граѓаните за да даваат свои предлози.

Постапката, начинот и времето на преземање на една од наведените активности од ставот 1 на овој член ќе се уреди со Одлука донесена од органот кој ја организирал.

## СОПСТВЕНОСТ НА ОПШТИНАТА

Член 85

Сопственоста на општината ја сочинуваат неподвижни и подвижни ствари, парични средства и права.

Сопственоста општината ја стекнува од сопствени извори на приходи, по пат на финансирање од граѓаните, или со нивно учество на друг начин, од подароци и по други основи.

Член 86

За купување, отуѓување и оптоварување на сопственоста на општината одлучува Советот на општината.

Отуѓување на сопственоста на општината се врши само по пат на јавно наддавање, согласно закон.

Продажната цена на стварите не смее да биде помала од новата пазарна вредност.

Средствата добиени од продажбата на стварите може да се инвестираат само за стекнување на нови, или реконструкција на постојни ствари во сопственост на општината.

Член 87

Општината ја евидентира својата сопственост и нејзината проценка ја искажува во годишната сметка.

Член 88

Стварите во сопственост на општината можат да се дадат на користење на други субјекти по пат на јавно наддавање, во согласност со закон.

Член 89

Општината се финансира од сопствени извори на приходи, локални даноци, надоместоци и такси утврдени со закон, дотации од државата и други извори на приходи уврдени со закон.

Општината во рамките на своите надлежности, самостојно располага со сопствените извори на приходи.

Член 90

Приходите и трошоците на општината се утврдуваат со буџетот на општината.

Буџетот на општината содржи биланс на приходите и трошоците на буџетот, а се однесува за фискална година од 12 (дванаесет) месеци која почнува од 1 јануари, а завршува на 31 декември од секоја календарска година.

Член 91

Предлогот на Буџетот на општината го утврдува градоначалникот и го доставува до Советот на општината за донесување, но не подоцна од средината на месец ноември.

Советот на општината не може да го разгледува предлогот на буџетот на општината пред истекот на 20 (дваесет) дена од денот на доставувањето до советниците на Советот на општината.

Член 92

За секоја промена на буџетот на општината, за дополнително усвоени трошоци проследени со мерки што ќе ги зголемат предложените приходи, или ќе ги намалат другите трошоци во сразмерен износ, Одлука донесува Советот на општината.

Член 93

За покривање на непредвидените барања за трошоци кои ќе се појават во текот на буџетската година, од вкупните тековни и капитални трошоци се издвојува буџетска резерва во висина утврдена со закон.

За користење на средствата од буџетската резерва одлучува Советот на општината по предлог на градоначалникот на општината.

Советот на општината со Одлука може да го овласти градоначалникот за начинот на користење на буџетската резерва.

Член 94

До колку буџетот на општината за наредната година не биде донесен до 31 декември во тековната година, ќе се постапи согласно со законот за буџетите и се воведува времено финансирање и тоа најдолго за 6 (шест) месеци.

Член 95

На крајот на секоја фискална година се изготвува годишна сметка на буџетот на општината.

Годишната сметка на буџетот, Советот на општината треба да ја усвои најдоцна до 31 март во тековната година, а за претходната година.

Член 96

Извршувањето на буџетот на општината го врши градоначалникот, а поконкретно се уредува со Одлуката за извршување на буџетот на општината.

**МЕСНА САМОУПРАВА ВО ОПШТИНАТА**

Член 97

Граѓаните во општината одлучуваат и за работите од непосредно и секојдневно значење од својот живот и работа и преку облици на месна самоуправа кои можат да ги основаат согласно со овој Статут.

Член 98

Во општината како облици на месна самоуправа можат да се основаат во градот-урбани заедници и во другите населени места-месни заедници.

Член 99

Обликот на месна самоуправа се основа, во градот на урбана единица согласно урбанистичкиот план, а за останатите населени места на катастарската општина на населеното место.

Член 100

Иницијатива за основање облици на месна самоуправа можат да покренат најмалку 10% од граѓаните, жители на подрачјето за кои има интерес за основање на облик на месна самоуправа.

Член 101

Иницијативата за основање содржи: подносител, опис на подрачјето за кое се бара основање на обликот на месна самоуправа, образложение на потребите за основање и потпис на заинтересираните граѓани.

Иницијативата за основањето се доставува до Советот на општината која ја разгледува и оценува дали се исполнети условите и основани потребите за основање на облик на месна самоуправа .

Член 102

Одлуката за основање на облик на месна самоуправа се донесува на Собир на граѓани од соодветното подрачје по пат на јавно гласање со мнозинство гласови од присутните граѓани.

Член 103

Граѓаните преку облиците на месната самоуправа, во согласност со овој Статут и одлуките за основање се грижат за:

- решавање на прашања од комуналната инфраструктура за соодветното подрачје;
- изградба и одржување на објекти од јавен интерес (водоводи, улици, културни домови, спортски објекти и др.);
- заштита на животната средина и природата;
- уредување и одржување на гробиштата во селските населби;
- покренување иницијатива за уредување на просторот;
- организирање иницијатива за уредување на просторот;
- организирање културни, спортски, забавни и други манифестации и
- други работи од непосредно секојдневно значење за животот и работата на граѓаните.

Советот на облиците на месната самоуправа дава иницијатива и предлози до надлежните органи на општината, за прашања од областа на образованието, здравството, социјалната заштита и други прашања од интерес на граѓаните.

Член 104

Работите од членот 103 на овој Статут се финансираат од :

- средства кои што општината ќе им ги одстапи на облиците на месна самоуправа согласно со плановите и програмите за нивниот развој;
- средства што граѓаните непосредно ги здружуваат;
- средства што ќе ги издвојат заинтересираните правни и физички лица;
- средства од надомест на услуги и
- подароци и други средства.

Член 105

Орган на облиците на месна самоуправа е "Советот".

Советот го избираат граѓаните на обликот на месната самоуправа на Собир на граѓани со јавно гласање, доколку Собирот не одлучи гласањето да биде тајно.

Советот е составен од 3 (три) до 7 (седум) члена.

Мандатот на членовите на Советот трае 4 (четири) години.

Член 106

Одлука за распишување на избор на членови на Советот донесува Советот во стариот состав, најдоцна 30 дена пред истекот на мандатот.

Ако одлуката од став 1 на овој член не се донесе во утврдениот рок, Одлука за распишување на избор на членови на Советот донесува градоначалникот на општината во рок од 15 дена.

Член 107

Предлагање и утврдување на кандидати за членови на Советот се врши на Собир на граѓани.

За утврдени се сметаат кандидати кои добиле мнозинство, односно најголем број гласови од присутните граѓани на Собирот.

Член 108

Постапка за предлагање, утврдување и избор на членови на Советот поблизу се уредува со Правилата за работа на обликот на "Месна самоуправа.

Член 109

За избрани членови на Советот се сметаат кандидати кои добиле мнозинство, односно најголем број на гласови од избирачите кои гласале.

Член 110

Советот од своите членови избира претседател кој го претставува и застапува обликот на месната самоуправа.

Советот донесува правила со кои се уредува работата на обликот на месната самоуправа како и програма за работа, по претходно мислење на Советот на општината.

Член 111

Градоначалникот на општината, со решение може да делегира вршење на определена работа од непосреден интерес и секојдневно значење за животот и работата на жителите, на претседателот на Советот на обликот на месната самоуправа.

Средствата потребни за извршување на работите, од ставот 1 на овој член се утврдуваат во решението за делегирање на надлежноста.

Со решението се определува органот и начинот на вршење на надзор над извршувањето на работите од ставот 1 на овој член.

Член 112

Општинската администрација ги врши стручните, административно-техничките и сметководствено-финансиските работи на органот на обликот на месната самоуправа.

Контрола над трошењето на средствата што ќе бидат пренесени за извршување на делегираните надлежности врши општинската администрација.

## НАЧИН И ПОСТАПКА ЗА УТВРДУВАЊЕ И УПОТРЕБА НА ГРБОТ И ЗНАМЕТО НА ОПШТИНАТА

Член 113

Грбот и знамето на општината се утврдуваат со Одлука на Советот на општината.

За утврдување на грбот и знамето на општината, Советот на општината распишува конкурс и формира комисија.

Член 114

Комисијата од пристигнатите трудови по објавениот конкурс утврдува предлог за грб, односно знаме на општината и го доставува до Советот на општината на усвојување.

Член 115

Советот на општината со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на Советот одлучува по предлогот на комисијата.

Одлуката на Советот за утврдување на грб, односно знаме на општината е составен дел од статутот на општината.

Член 116

Грбот на општината се употребува во состав на печатот на општината.

Грбот на општината може да се употребува и на официјални покани, честитки и на слични акти што ги користат Советот и градоначалникот на општината.

Советот на општината може да одобри употреба на грбот на општината на физички и правни лица, ако оцени дека е во интерес на општината.

Член 117

Знамето на општината се истакнува на зградата на општината и на видни места во општината.

Знамето на општината може да се истакнува и при меѓусебни средби, натпревари

и други собири на кои учествува, или е презентирана општината.

Член 118

Грбот и знамето на општината не смеат да се употребуваат, ако се оштетени, или со својот изглед се неприкладни за употреба.

## НАЧИН НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ОБВРСКИТЕ ОД ОБЛАСТА НА ОДБРАНАТА ВО ВОЕНА СОСТОЈБА

Член 119

Во воена состојба органите на општината Радовиш продолжуваат да ги извршуваат работите утврдени со Законот и овој Статут и преземаат мерки за заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра на своето подрачје од воени разурнувања, природни непогоди и други несреќи и од последиците предизвикани од нив.

Заради извршување на мерките за заштита и спасување, општина Радовиш формира свои територијални единици и штабови за Цивилна заштита.

Организирањето, подготвувањето и употребата на силите на Цивилната заштита се врши согласно Уредба на Владата на Република Македонија.

## 9. ЗАШТИТА НА ОПШТИНАТА

Член 120

Иницијатива за оцена на уставноста на законите и уставноста и законитоста на општите акти на Министерства и други органи на државната управа со кои се нарушува уставната положба и правата на општината утврдени со Уставот и законите, може да поднесат Советот односно градоначалникот на општината до Уставниот суд на Република Македонија.

Член 121

Градоначалникот на општината има право да бара судска заштита пред надлежните судови кога на општината и се попречува вршењето на дадените надлежности со Устав и закон, со акти и активности на органите на државната управа и на Владата на Република Македонија.

## 10. ПОСТАПКА ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА СТАТУТОТ НА ОПШТИНАТА

Член 122

Измени и дополнувања на Статутот на општината можат да предложат најмалку 1/2 од членовите на Советот на општината, градоначалникот на општината, или најмалку 10% од избирачите на општината.

Член 123

Одлука за пристапување кон измени на Статутот донесува Советот на општината со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на Советот.

Член 124

Измените на Статутот на општината се донесени, ако за нив гласале мнозинство од членовите на Советот на општината.

## 11. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 125

Одредбите од членовите 14, 15 и 16 од Статутот на општината Радовиш ("Службен гласник на општина Радовиш", број 4/96), ќе продолжат да се применуваат се до донесување на посебните закони.

Член 126

Одредбите од членовите 18, 27, 28, 29, 30, 31, 32, 33, 34, 35, 36, 37, 38, 39, 40, 41, 42 став 3, 43 точка 5, 97, 98, 99, 100, 101, 102, 103, 104, 105, 106, 107, 108, 109, 110, 111, 112, од овој статут ќе влезат во сила на нередните локални избори.

Член 127

Со денот на влегување во сила на овој Статут престанува да важи Статутот на општина Радовиш ("Службен гласник на општината", број 4/96).

Член 128

Овој Статут влегува во сила осмиот ден од
денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Радовиш".

Бр.07-765/1 Заменик на претседателот на
15.10.2002год. Советот на општина
Радовиш Радовиш
Страхил Гавритов с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 21 став 1 од Законот за територијалната организација на локалната самоуправа во Република Македонија (Сл.Весник на РМ број 55/04), чл. 122 од Статутот на општина Радовиш, а согласно Одлуката за пристапување кон измена и дополнување на Статутот на општина Радовиш
бр. 07-505/1 од 16.05.2005 год., и спроведената јавна расправа,

Советот на општина Радовиш на седница одржана на ден 17.11.2005 година, донесе:

## ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА СТАТУТОТ НА ОПШТИНА РАДОВИШ

Член 1

Се менува и дополнува чл. 2 ст. 2 од Статутот на општина Радовиш (Службен гласник на општина Радовиш број 5/02), точката на крајот од реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: Подареш, Јаргулица, Покрајчево, Злеово и Смиланци.

Член 2

Членот 23 се брише.

Член 3

Глава 11

Преодни и завршни одредби: Се бришат чл. 125 и 126 од Статутот на општина Радовиш (Службен гласник на општина Радовиш бр. 5/2002.

Член 4

Општина Радовиш спроведувајќи го процесот на децентрализација во функционирање може да донесува статутарни одлуки или да ги применува директно законските одредби од надлежност на општината, се до наредно усогласување на Статутот со новите законски прописи.

член 5

Измените и дополнувањата на Статутот на општина Радовиш влегуваат во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Радовиш".

Бр.07-1881/1 Совет на општина Радовиш
17.11.2005 г. Претседател,
Радовиш Страхил Гавритов с.р.

Врз основа на чл. 22 ст.1 т.13 од Законот за локална самоуправа
чл. 16 од Законот за еднакви можности на жените и мажите (Службен весник на РМ бр. 66/06),

Советот на општина Радовиш на седница одржана на 10.03.2008 г., донесе

## С Т А Т У Т А Р Н А О Д Л У К А
### За формирање постојана Комисија за еднакви можности на жените и мажите

чл. 1

Советот на општина Радовиш формира постојана Комисија за еднакви можности на жените и мажите.

Со оваа Одлука се утврдува нејзиниот состав, надлежности, задачи и обврски на Комисијата.

чл. 2

Комисијата брои 6 (шест) членови и е во составена од 3 (три) члена од женски пол и 3 (три) члена од машки пол.

чл. 3

Комисијата за еднакви можности е должна да ги разгледува развојните планови, одлуки и други акти на органите и телата на единицата на локалната самоуправа и да укажува на конкретни мерки кои треба да се преземат.

Органите и телата на единицата на локалната самоуправа при донесувањето на конкретни развојни планови, одлуки и други акти, должни се да ги земат во предвид предложените и преземените активности од Комисијата.

чл.4

Единицата на локална самоуправа е должна да определи лице од редот на вработените или други лица компетентни и стручни за исполнување на обврските на координаторот за еднакви можности на жените и мажите, да учествуваат во подготвувањети на националниот план за еднакви можности на жените и мажите кој се однесува на општина Радовиш.

чл.5

Со цел да се обезбедат предлози и мерки за постигнување на целта на Законот, органите на општината се должни да

соработуваат со сите организации и здруженија кои работат на полето на еднаквите можности и можат да помогнат во остварување на целта.

чл.6

Комисијата за еднакви можности е должна најмалку еднаш годишно за својата работа да достави Извештај до Министерството за труд и социјална политика.

чл.7

Одлуката е составен дел на статутот на општината и истата влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Радовиш".

бр. 07-548/1 Совет на општина Радовиш
10 Март 2008 г. Претседател
Радовиш Страхил Гавритов с.р.

Врз основа на чл. 32 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2005) и чл. 21 ст.1 т.38 од Статутот на општина Радовиш,

Советот на општина Радовиш на седница одржана на 30.10.2008 год, донесе

## СТАТУТАРНА ОДЛУКА
### За формирање постојана комисија за заштита на правата на децата во општина Радовиш

чл. 1

Советот на општина Радовиш формира постојана комисија за заштита на правата на децата во општина Радовиш.

Со оваа одлука се утврдува бројот на членови, надлежност, состав, начин на избор и времетраење на мандат.

чл. 2

Комисијата брои 7 (седум) члена кои ги избира Советот на општината на предлог на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања.

Комисијата е составена од претседателите на следните 5 (пет) комисии:

- здравство и социјална заштита;
- образование, спорт и култура;
- урбанизам и заштита на животната средина;
- финансирање и буџет;
- статут и прописи;

Членовите на оваа комисијата се и двајца претставници од опозиционите советнички групи во Советот на општината.

Придружни членови на комисијата се и двајца вработени во општинската администрација кои го запазуваат континутетот во работата на комисијата. Членовите од општинската администрација не учествуваат при гласањето во комисијата, но ја координираат работата на комисијата, изготвуваат предлог-акти до советот на општината и по донесувањето истите ги реализираат.

чл. 3

Комисијата го има следниот делокруг на работа:

1.Анализа на одлуки и решенија (донесени и во подготовка) заради идентификување на елементи кои се поврзани со правата на децата (ги повредуваат или поддржуваат);
2.Иницирање промена на одлуки/решенија врз основа на претходно добиени сознанија од анализите;
3.КПД има право да ги добие сите матерјали во врска со кои смета дека имаат влијание врз правата на децата;
4.Мислењата и извешатите на КПД се дистрибуираат до сите кои ќе ги посочи КПД;
5.КПД изработува годишна ситуациона анализа за положбата на децата во општината;
6. КПД работи врз основа на усвоен план за акција и годишна програма за промоција и заштита на правата на децата;
7.КПД по потреба ја координира заедничката работа на повеќе комисии во врска со конкретно прашање поврзано со правата на децата;
8.КПД развива посебни маханизми за соработкаб со децата во општината и со пошироката заедница.

чл. 4

Мандатот на Комисијата трае колку и мандатот на советот на општината.

чл. 5

Одлуката влегува во сила со објавувањето во "Службен гласник на општина Радовиш".

О б р а з л о ж е н и е

Република Македонија ја ратификува Конвенцијата за правата на детето во 1993 год и со тоа презеде обврска на сите нивоа на власт да се имплементираат минимум стандарди на Конврнцијата. Владата на РМ во

2005 година усвои Национален план за акција за периодот 2005-2015 г.

Донесувањето на оваа одлука е чекор кон имплементација на Конвенцијата во општините и активности кои треба да ги преземат околу заштитата на основните принципи: забрана на дискриминација, најдобар интерес за децата, партиципација на децата, опстанок и развој.

бр. 07-2014/1 Совет на општина Радовиш
дата 30.10.2008 год. Претседател
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на член 17 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр. 5/02),чл. 21 од Статутот на општина Радовиш и Националната стратегија за млади на Република Македонија, Советот на општина Радовиш на седница одржана на ден 23.06.2009 г., донесе

## СТАТУТАРНА ОДЛУКА
За основање Совет на млади во општина Радовиш

## ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

член 1

Со оваа Одлука се уредува основањето на Советот на млади во општина Радовиш (во понатамошниот текст:Совет на млади), делокруг на работа, состав и број на членови, постапка за избор на членови, мандат, начин на влијание на работата во советот на општината, облици на соработка со други органи во општината, финансирање и други прашања од значење за работата на Советот на млади.

член 2

Советот на младите е советодавно тело на општина Радовиш и се основа со цел младите активно да се вклучат во јавниот живот на општината.

член 3

Млади, во смисла на оваа одлука се државјани на Републикја Македонија со место на живеење во општина Радовиш на возраст од 15 до 29 години живот.

Младите од став 1 на оваа одлука можат да бидат избирани за претседател и заменик претседател на Советот на млади на Радовиш, само ако се со место на живеење во општина Радовиш.

## ОСНОВАЊЕ НА СОВЕТ НА МЛАДИ

член 4

Основањето на млади ја донесува Советот на општината врз основа на позитивните законски прописи.

## ДЕЛОКРУГ НА РАБОТА

член 5

Во рамките на совојот делокруг на работа Советот на млади:

-расправа на седници на Советот на млади за прашања значајни за нивната работа;

-расправа за прашања за кои се расправа на Советот на општината, а се од интерес за работата на младите;

-предлага Советот на општината одлуки, програми и други акти од значење за младите во општината;

-му предлага на Советот на општината да расправа за прашања кои се од значење за унапредување на положбата на младите и реШавање на наведените прашања;

-му дава мислење на Советот на општината за конкретни одлуки кои треба да ги донесе;

-соработува во изработката и го следи спроведувањето на локалните акти за млади донесени од страна на општината;

-изработува извештаи до надлежните органи за проблемите на младите, а по потреба предлага донесување на програми за отстранување на настанатите проблеми и подобрување на положбата на младите на локално ниво;

-се грижи за информираноста на младите за сите прашања значајни за унапредување на положбата на младите;

-ја поттикнува меѓусебната општинска соработка и размена на искуства со младите од други општини;

-предлага на Ссоветот на општината финансиски план за остварување на програмите за работ ана Советот на млади;

-по потреба повикува претставник на Советот на општината на своите седници;

-врши и други работи од интерес за младите.

## СОСТАВ И ПОСТАПКА ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ НА МЛАДИ

член 6

Советот на млади има пет членови вклучувајќи ги претседателот и заменикот на претседателот.

член 7

Советот на општината покренува постапка за избор на членови во советот на млди со јавен повик.

Кандидатите за членови на Советот на млади го предлагаат здруженија на млади, и здруженија кои се бават со млади, ученички совети, студенстски совети и други регистрирани облици на организирање на младите.

Врз основа на писмените предлози од предлагачите и овластените предлагачи, Советот на општината го избира и разрешува Советот на млади.

Претседателот и заменикот се избираат согласно Деловникот за работа на Советот на младите.

## МАНДАТ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА СОВЕТОТ НА МЛАДИ

член 8

Членовите на Советот на млади се избираат на две години.

Советот на општината може да разреши член на Советот на млади и пред истекот на мандатот на лично барање, ако наполни 30 години живот, ако отсуствува од седниците на советот на млади и ако со правосилна судска пресуда е осуден на безусловна казна затвор во траење подолго од шест месеци.

## НАЧИН НА РАБОТА

член 9

Советот на млади одржува редовни седници по потреба, но најмалку еднаш во два месеци.

Седниците ги свикува и со нив заседава претседателот на Советот на млади.

Претседателот на советот е должен да свика вонредна седница на советот на млади на предлог од најмалку 1/3 од членовите на Советот на млади.

член 10

Советот на млади ги донесува одлуките со мнозинство гласови ако на седницата присуствуваат мнозинство од вкупно избраните членови на советот на младите.

Членот на Советот на младите кој е лично заинтересиран за донесување одлука за некое прашање, може да учествува во расправата по тоа прашање, но е исклучен од одлучувањето.

Исклучувањето од одлужување за некое прашање е од причина ако се однесува на донесување на одлука за проект во кој тој лично учествува или учествува како правно лице во кое тој има акции или сопственост.

член 11

Советот на млади го претставува и застапува претседателот на Советот на млади.

член 12

Советот на млади може да формира постојани и повремени работни тела за потесни кругови на делување, за организирање формуми, трибини и работилници за поедини возрасни групи на млади или за сродни видови на проблеми кои ги загрижуваат младите.

Советот на млди учествува во работата на советот на општина Радовиш во расправа з апоедини прашања, но без право на глас.

член 13

Советот на млади донесува деловник за својата работа.

Деловникот за работа Советот за млади го донесува со мнозинство од вкупно избраните членови на советот на млади.

Со Деловникот за работа поблиску се уредува начинот за работа, избор на претседател и заменк во согласност со оваа Одлука.

член 14

Советот на млади донесува програма за работа на Советот на млади и ја доставува до Советот на општината за секоја календарска година.

Програмата ги содржи следните активности:

-учество во креирањето  и пратење на локалната програма за работа на младите;

-соработка со другите советодавни тела во Република Македонија и странство;

-консултирање со организацијата на младите за теми значајни за младите;

-соработува со телата во општината во политиката кон младите;

Програмата содржи и останати активности значајни за работата на Советот за млади и подобрување на положбата на младите;

Програмата за работа Советот на млади ја донесува со мнозинство на гласови од сите членови на Советот на младите.

Програмата се донесува и поднесува на одобрување пред Советот на младите најкасно до 30 ноември во тековната година, за наредната година.

член 15

Доколку со програмата за работа на Советот за млади за спроведување на планираните активности предвидува потреба од обезбедување на финансиски средства во буџетот на општината се предлага и финансов план.

Програмата од ст.1 на овој член ја одобрува Советот на општина Радовиш.

член 16

Советот на младите поднесува редовно полугодишни извештаи за својата работа до Советот на општина Радовиш.

## СРЕДСТВА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА МЛАДИ

член 17

Општина Радовиш обезбедува финансиски средства за работа на ссоветот на млади и простор за одржување седници на Советот на млади во општина Радовиш.

Членовите на Советот на млади не примаат надоместок за својата работа.

Членовите на Советот на млади имаат право на надоместок на трошкови за својата работа само ако се утврдени со годишната програма о финасовиот план.

член 18

Стручните и административните работи за потребите на Советот на млади ги обавува администрацијата во општина Радовиш.

член 19

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 07-1154/1 Совет на
23.Јуни 2009 г. општина Радовиш
Радовиш Претседател
Даниела Иротова Лазарева с.р.

Врз основа на чл.22.т.9 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2005), чл.39 и 41 од Законот за заштита на правата на пациентите (Службен весник на РМ бр. 82/08) и чл. 21 ст.1 т.38 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на 12.02.2010 год, донесе

## СТАТУТАРНА ОДЛУКА
### За формирање постојана комисија за унапредување на правото на пациентите во општина Радовиш

чл. 1

Советот на општина Радовиш формира постојана комисија за унапредување на правата на пациентите во општина Радовиш.

чл. 2

Комисијата ги врши следните работи:

1. унапредување на правата на пациентите и нивната заштита;
2. ја следи и проценува состојбатасо заштита на правата на пациентите;
3. предлага мерки за подобрување на заштитата на правата на пациентите;
4. соработува со надлежните органи;
5. разгледува поплаки од пациенти и предлага преземање на мерки до надлежни органи;
6. бара стручна експертиза ако оцени дека е тоа неопходно за утврдување на состојбата;
7. води евиденција за поединечни поплаки на пациентите, како и на мерките преземени за заштита на правата на пациентите;
8. подготвува и издава годишен извештајза заштита на правата на пациентите пред Советот на општината;
9. издава информации, промотивен и друг материјалсо цел за унапредување на правата на пациентите и
10. врши и други работи пропишани со овој закон.

чл. 3

Комисијата брои 9 (девет) члена и тоа:

- 3 (три) члена од Советот на општината;
- 2 (два) лекари од општината;
- 2 (два) члена на здружение на пациенти;
- 2 (два) члена претставници на НВО што се занимаваат со човекови права и граѓански иницијативи.

Членовите на оваа комисијата не смеат да бидат вработени во здравствени установи во кои се укажува здравствена заштита.

чл. 4

Членовите на Комисијата ги избира Советот на општината на предлог на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања по претходно доставени предлози од заинтересираните страни кои партиципираат во неа.

чл. 5

Мандатот на Комисијата е 2 (две) години со право на уште еден избор.

чл. 6

Комисијата својата работа ја уредува со Деловник.

чл. 7

Општина Радовиш се обврзува да определи канцеларија за работа на Комисијата и да ја обележи со наслов Канцеларија на Комисијата за унапредување на правата на пациентите.

чл. 8

Средствата за работа на Комисијата обезбедува општината во висина утврдена во општинскиот буџет.

чл. 9

Одлуката влегува во сила со објавувањето во Службен гласник на општина Радовиш.

Бр. 07-308/1 Совет на
12.Февруари 2010 г. општина Радовиш
Радовиш Претседател

Врз основа на член 111 од Статутот на Единицата на локалната самоуправа Радовиш , Советот на единицата на локална самоуправа Радовиш на седницата одржана на 26.04.2011 година, донесе

## СТАТУТАРНА ОДЛУКА
### за измена на Статутот на Единицата на локална самоуправа Радовиш

Член 1

Во Статутот на Единицата на локалната самоуправа Радовиш, Глава д). Јавни трибини, анкети, и предлози на граѓаните се менува и гласи:

д). Јавни трибини, анкети, предлози на граѓаните и форуми на заедницата.

Член 2

По член 84 се додава нов член 84-а што гласи:

Член 84-а

Градоначалникот и Советот на Единицата на локалната самоуправа Радовиш по сопствена иницијатива организираат форуми на заедницата, како форма на јавно учество на сите граѓани во единицата на локалната самоуправа, заради јавно расправање за проблемите и утврдување решенија и приоритети, предлагање и избор или развивање на проекти од интерес на заедницата.

Организирањето на форумите опишани во претходниот став од овој член може да се покрене и на иницијатива на заинтересирани правни и физички лица кои се подготвени финансиски и материјално да подржат проекти во интерес на единицата на локалната самоуправа.

Барањето од ставот 2 на овој член се поднесува до градоначалникот на единицата на локалната самправа, кој врз основа на стратешките документи и цели за развој на единицата на локалната самоуправа одлучува дали иницијативата ќе биде прифатена или одбиена.

Начинот и постапката на функционирањето на форумите на заедницата се уредува со Правилник што го донесува советот на единицата на локалната самоуправа по предлог на градоначалникот.

Член 3

Оваа Статутарна одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Радовиш„.

Бр. 07-713/1 Совет на
26.Април 2011 г. општина Радовиш
Радовиш Претседател
Сашко Николов с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ број 5/2002) и член 21 став 1 од Статутот на општина Радовиш, а согласно измените на Уставот на Република Македонија и Одлуката за прогласување на амандманите XXXIII, XXXIV, XXXV и XXXVI на Уставот на Република Северна Македонија (Сл весник на РСМ бр.6/2019),
Советот на општина Радовиш на седница одржана на 28.06.2019 година, донесе

# СТАТУТАРНА ОДЛУКА
## За измена и дополнување на Статутот на општина Радовиш

Член 1

Се врши измена во:

- член 2 став 1каде наместо „Република Македонија„ треба да гласи „Република Северна Македонија„.
- член 8 став 1 каде наместо „Република Македонија„ треба да гласи „Република Северна Македонија„.

Член 2

Оваа Статутарна одлука да се достави до Комисијата за статут и прописи која веќе работи на нов статут на општина Радовиш и има за задача да ги внесе сите измени и дополнувања кои се досега донесени, а се во согласност со позитивната законска регулатива.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Радовиш".

| | |
|---|---|
| Бр. 08-1046/1 | Совет на општина Радовиш |
| 28 Јуни 2019 г. | Претседател |
| Радовиш | Коле Чаракчиев с.р. |